Regular School Attendance

# Редовно присуствување на наставата на училиште

## Информации за родители и старатели







## Дали знаевте? Ако учениците отсуствуваат од настава само осум дена во едно школско тримесечје, тие ќе пропуштат една школска година до завршувањето на основното образование.

### Зошто морам да го праќам детето на училиште?

Во Нов Јужен Велс образованието е задолжително. Тоа значи дека сите деца на возраст меѓу шест години и возраста кога најрано може да се прекине со школувањето законски се обрзани да посетуваат настава на училиште.

Од 2010 г., сите ученици во Нов Јужен Велс мора да завршат Year 10. После завршувањето на Year 10 и се додека не наполнат 17 години, учениците мора:

1. да посетуваат настава на училиште или да бидат регистрирани за домашно школување, или
2. да посетуваат настава во одобрен вид на школување или обучување (на пример, да посетуваат настава во TAFE, да се обучуваат, да изучуваат занает или занимања) или
3. да работат со полно работно време за плата (во просек 25 часа неделно) или истовремено да работат и да се школуваат и/или обучуваат.

Директорите на училиштата се законски одговорни да водат точна евиденција за присуствањето на учениците на настава.

Директорите исто така се одговорни да одлучат дали доставената причина за отсуствување од наставата е оправдана.

Заради оваа причина, при долготрајно или често отсуствување од наставата кое родителите го објаснуваат како последица на болест, директорите може да бараат лекарски уверенија или други документи.

Ако директорите не сметаат дека објаснувањето е задоволително, тие ќе го заведат отсуствувањето од наставата како неоправдано.

Важно е да се разбере дека New South Wales Department of Education and Training може да ги тужи родителите (вклучувајќи ги старателите) ако децата на возраст кога мора да посетуваат задолжителна настава постојано имаат неоправдани изостаноци од училиште.

### Морам ли секој ден да го праќам детето на училиште?

**ДА.** Еден од условите за запишување на училиште е да го праќате детето на училиште секој ден.

Мал број на изостаноци може да бидат оправдани ако вашето дете:

- треба да оди на посебна верска прослава
- треба да присуствува на некоја сериозна и/или итна семејна ситуација (на пр. погреб)
- е премногу болно за да оди на училиште или има некоја заразна болест.

Заразите со вошки може често да се јавуваат, посебно во основните училишта. Родителите треба редовно да проверуваат дали нивното дете има вошки во косата и ако откријат јајца или вошки да преземат лекување.

Преведени информации за заразување со вошки и како тие се отстрануваат може да се најдат на

https://www.det.nsw.edu.au/languagesupport/documents/headlice/infosheet.htm

Според известувањето од NSW Health, учениците не треба да се испраќаат дома или да се исклучуваат од наставата заради вошки. Вошките не се оправдана причина за долготрајно отсуствување од училиште.

### Зошто е важно редовно да се посетува настава на училиште?

Редовното посетување на наставата ќе му помогне на вашето дете да успее подоцна во животот.

Секојдневното присуствување на наставата ќе му го олесни учењето на вашето дете и тоа им помага на децата да се спријателуваат и да одржуваат пријателства со други деца.

Ако вашето дете не ги стекне основните способности во раните години од школувањето, тој/таа може да има проблеми во учењето во подоцнежните години.

### Зошто е важно навреме да се пристигнува на училиште?

Со пристигнувањето на училиште или час навреме:

NEW SOUTH WALES DEPARTMENT OF EDUCATION AND TRAINING

- се обезбедува вашето дете да не ги пропушти важните школски активности рано во денот кога тој/таа е најподготвен/а
- му се помага на на вашето дете да научи колку е важно да се пристигнува навреме и да се створат навики
- вашето дете има време да се поздрави со другарчињата пред да започне наставата и со тоа
- се намалува можноста да се нарушува редот на час.

Доцнењето на часови се заведува како делумно отсуствување и тоа мора да се објасни на училиштето на истиот начин како и другите видови на отсуствување.

## Што треба да направам ако нашето семејство оди на одмор додека се одржува настава на училиште?

Родителите и старателите се поттикнуваат да не ги повлекуваат нивните деца од училиште заради семејни одмори. Семејствата треба да се потрудат да ги организираат одморите за време на школските распусти.

Ако одите на одмор со семејството додека трае наставата на училиште, однапред информирајте го директорот и побарајте детето да отсуствува и/или да биде ослободено од часови.

Во зависност од околностите и колку ќе трае одморот, можете да побарате училиштето да ви даде задачи кои детето ќе може да ги заврши додека отсуствува од наставата.

## Мора ли моето дете да ги посетува сите активности, вклучувајќи ги дневните активности за одржување на физичката форма и спорт?

**ДА**. Спортот и другите физички активности им помагаат на вашите деца да бидат здрави. Од децата се очекува да ги посетуваат сите редовни школски активности, вклучувајќи спорт.

## Не го задржувајте детето да не оди на училиште заради следните работи:

- родендени
- пазарење
- чување на други деца
- рутински прегледи или нега, на пример, стрижење
- споредни семејни случки
- подолго спиење.

Лекарските и другите здравствени прегледи за вашето дете треба да ги закажувате пред или после настава или во текот на школските распусти.

## Што треба да правам ако моето дете мора да отсуствува од училиште?

Ако вашето дете мора да отсуствува од училиште, тогаш важно е да го известите училиштето и да доставите причина за отсуствувањето на вашето дете. За да го објаснат отсуствувањето, родителите и старателите може:

- да испратат писмо, факсимил или известување преку електронска пошта во училиштето
- да телефонираат во училиштето, или
- да одат во училиштето.

Секое изостанување од наставата мора да се објасни во училиштето. Двојазични белешки за отсуствување од училиште и повеќе информации во врска со присуствување на наставата може да се најдат на Интернет страните на Одделот под насловот School Attendance (Присуствување на часови) на https://www.det.nsw.edu.au/languagesupport/documents/index_s.htm

Директорот на училиштето има право да ги испитува барањата на радителите или старателите за отсуствување на нивното дете од училиште.

Директорот исто така може да го испитува било кое објаснување кое е доставено за отсуствување на дете од училиште.

## Моето дете не сака да оди на училиште. Што треба да правам?

Треба да го контактирате директорот колку што можете побргу за да разговарате во врска со проблемот и да побарате помош. Директорот може да побара поддршка од службеник одговорен за соработка меѓу семејствата и училиштето или од службеник за врски со ученици Абориџини.

## Кои се службениците одговорни за соработка меѓу семејствата и училиштето и службениците за врски со ученици Абориџини?

Службениците одговорни за соработка меѓу семејствата и училиштето и службениците за врски со ученици Абориџини се посебно обучени да ви помагаат во врска со присуствувањето на вашето дете на наставата.

Тие работат со школските заедници на тоа да ги поттикнуваат сите ученици редовно да посетуваат настава на училиште.

За понатамошни информации во врска со Програмата за соработка меѓу семејствата и училиштето треба да го контактирате раководителот на програмата во локалната регионална канцеларија на Одделот за образование и обучување. Телефонските броеви можете да ги најдете на Интернет страните:
www.det.nsw.edu.au/contactus/index.htm или ако телефонирате на 131 536.

## Дали имате проблеми да го однесете вашето дете на училиште заради некои од следните причини?

- не сака да стане од спиење
- не сака да си легне
- не може да ги најде алиштата, книгите, домашната работа, школската торба...
- јадењето што треба да го понесе за ручек на училиште не е спремно
- бавно го јаде појадокот
- домашната работа не е завршена
- гледа телевизија доцна навечер или кога треба да се подготви за на школо
- кога има тест или говор на школо
- заради родендени
- вреска и не се пушта од вас.

## Следуваат неколку предлози кои се засноваат на воспоставување редовни навики:

- Утврдете одредено време за станување наутро
- Утврдете одредено време за легнување навечер
- Униформата и школската торба нека бидат спремни претходната вечер
- Подготвувајте го ручекот за училиште претходната вечер
- Одредете кога ќе започнува / завршува појадокот. Важно е да се створи навика.
- Одредете време за секојдневната домашна работа
- Вклучете го телевизорот за одредено време и само ако тоа е соодветно
- Бидете строги, децата мора да одат на училиште
- Поттикнувајте го многу на позитивен начин
- Бидете строги, роденденот не е ден за одмор
- Пристигнувајте на училиште кога ѕвони школското ѕвонче и брзо заминете си. Ако претходно сте се договориле со наставникот, ставете ја раката на детето во раката на наставникот и тогаш заминете.

## Дали ви треба преведувач?

Кога е можно, на родителите и старателите кои не зборуваат или разбираат добро англиски јазик и на глувите родители и старатели кои го користат јазикот за глувонеми им се нудат преведувачки услуги. За да добиете повеќе информации во врска со преведувачки услуги, контактирајте го училиштето или телефонирајте во Телефонската преведувачка служба и замолете ги тие да го направат тоа. Телефонскиот број е 131 450. Побарајте преведувач на потребниот јазик и преведувачот ќе телефонира во училиштето и ќе остане на линија за да ви помогне при разговорот. За оваа услуга нема да ви наплатат.

© March 2010
Student Welfare Directorate
NSW Department of Education & Training